# ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**
**Ул. "50 Дивизија" бр.6, 1000 СКОПЈЕ**
**Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**


## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **с е п т е м в р и, 2023**




**Скопје, 13.10.2023**

Во текот на септември 2023 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **883** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **48,1 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец септември е за 7,7% помал во однос на претходниот месец август 2023 (n=957). Во однос на месец септември 2022 (n=574) се регистрира зголемување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 53,8%, додека во однос на аритметичката средина за петгодишниот период (n=1.593), се регистрира намалување од 44,6%. *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2023 година, регистрираните случаи во месец септември учествуваат со 9,3%. Кумулативниот број на пријавените во 2023 (n=9.493) е за 2,5 пати поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=3.782).

***Графикон 1*. Број на пријавени лица со заразни болести по месеци во 2023 и аритметичка средина**




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=501; 56,7%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Штип (n=9; 1,0%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Скопје (I=82,5/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Тетово (4,8/100.000). *(Графикон 2)*

***Графикон 2*: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во септември, 2023**




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во септември учествуваат со 98,9% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 47,5/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1*: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во септември, 2023**

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| **Ентероколитиси** | **530** | **28,9** |
| **Овчи сипаници** | **209** | **11,4** |
| **Салмонелози** | **42** | **2,3** |
| **Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации** | **33** | **1,8** |
| **Шуга** | **25** | **1,4** |
| **Скарлатина** | **15** | **0,8** |
| **Инфективна мононуклеоза** | **11** | **0,6** |
| **Вирусен хепатитис Б** | **3** | **0,2** |
| **Бактериски менингитиси** | **3** | **0,2** |
| **Сифилис** | **2** | **0,1** |
| **Вкупно** | ***873*** | **47,5** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (ентероколити и овчи сипаници, n=739), учествуваат со 83,7% во вкупниот број на заболени, а со 84,7% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец септември 2023 година.

Во текот на септември, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколитите** со вкупно 530 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 60,0%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 60,7%.

Во однос на претходниот месец август 2023 (n=556), се регистрира намалување на бројот на пријавени од ентероколити за 4,7%, а во однос на месец септември 2022 (n=261) се регистрира зголемување за два пати.

Во однос на аритметичката средина (n=1.211) се регистрира намалување за 56,2%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2023 (n=2.455), пријавените случаи во септември учествуваат со 21,6%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 година (n=9.493), ентероколитите учествуваат со 25,9%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2023 (n=2.455) е за 83,8% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2022 (n=1.336).

На второ место по број на пријавени заболени во месец септември се **овчите сипаници**, со 209 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 23,7%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 23,9%.

Во однос на претходниот месец август 2023 (n=250), се регистрира намалување на бројот на заболени лица од овчи сипаници за 16,4%, а во однос на месец септември 2022 (n=234) се регистрира намалување од 10,7%.

Во однос на аритметичката средина (n=170) се регистрира зголемување од 22,9%.

Во вкупниот број на пријавени овчи сипаници во 2023 (n=5.994), бројот на заболените во септември учествуваат со 3,5%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 година (n=9.493), учеството на овчи сипаници е 63,1%.

Кумулативниот број на пријавени овчи сипаници во 2023 (n=5.994) е зголемен за 3,2 пати во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=1.870).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во септември, најголем број (n=609) припаѓаат на **цревни заболувања** (69,0%; I=33,2/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=530; 87,0%) и инциденца (I=28,9/100.000), се пријавите за ентероколитиси. Пријавени се и 42 случаи на салмонелози (I=2,3/100.000), 33 случаи на бактериски алиментарни инфекции/интоксикации (I=1,8/100.000), 2 случаи на вирусен хепатитис А и по еден случај на џардијаза и шигелоза.

Во месец септември, пријавени се 237 случаи (26,8% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **капкови заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 12,9/100.000. Од нив, најголем број, (n=209; 88,2%) и инциденца (I=11,4/100.000) се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени, 15 случаи на скарлатина (I=0,8/100.000), 11 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,6/100.000) и по еден случај на заразни заушки и голема кашлица.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во септември се регистрирани 30 случаи (3,4%; I=1,6/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 25 случаи на шуга (83,3%; I=1,4/100.000), 3 случаи на бактериски менингит, и по еден случај на вирусен енцефалит и хеморагична треска со бубрежен синдром.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 7 заболени лица (0,8%; I=0,4/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 3 случаи на вирусен хепатитис Б (I=0,2/100.000), 2 случаи на сифилис (I=0,1/100.000), и по еден случај на вирусен хепатитис Ц и хламидија. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец септемви не се пријавени нови случаи.

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во септември, 2023***



## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец септември, пријавени се 7 случаи на ХИВ/СИДА, од нив регистрирани се 4 нови потврдени случаи на ХИВ и пријавени се 3 случаи со дијагноза на СИДА.

Сите пријавени лица се од машки пол. Две од пријавените лица се регистрирани од Скопје, додека другите 5 се од останатите градови на Р. С. Македонија (*Табела 3 во Прилог*). Лицата се на возраст од 25-49 години. Четири од регистрираните лица се хетеросексуалци, две заболени лица се припадници на МСМ популацијата и едно лице е изјаснето како бисексуалец.

Во текот на месец септември не се регистрирани смртни случаи од ХИВ/СИДА.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.09.2023), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2023, изнесува 627, и тоа:

- 123 лица починале,
- 504 лица живеат со ХИВ/СИДА.

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец септември 2023 се регистрирани 5 случаи со инциденца од 0,3/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*).

Регистрирани се 3 случаи на вирусен хепатитис Б (I=0,2/100.000) кои според возраста, не подлежат на имунизација, согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани. Дијагнозата е потврдена лабораториски и клинички.

Пријавен е еден случај на голема кашлица. Се работи за дете на шест месечна возраст, кое иако подлежи на две дози на ДТП не е невакцинирано. За истиот случај дијагнозата е потврдена лабораториски и клинички.

Регистриран е и еден случај на заразни заушки, машко лице на возраст од 2 години, невакцинирано со МРП вакцина, иако подлежи на прва доза на МРП вакцина. Дијагнозата е потврдена лабораториски и клинички

## СОСТОЈБАТА СО COVID-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во Р. Северна Македонија во текот на месец септември, пријавени се вкупно 855 случаи на COVID-19 (I=46,6/100.000).

Во однос на претходниот месец август 2023 (n=112), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од КОВИД-19 за 7,6 пати, а во однос на месец септември 2022 (n=2.525) се регистрира намалување на заболените од 66,1%.

Од заболените во септември 2023, најголем број на заболени (n=363) се пријавени од Скопје, а највисока инциденца (430,1/100.000) се регистрира во Кавадарци. Регистрираи се 347 се реинфекции.

Во текот на месецот пријавени се пет починати лица.

Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната групата над 60 години (n=372; 43,5%).

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец септември се тестирани вкупно 2.464 материјали со зголемување на бројот на тестирани за 5 пати повеќе во однос на минатиот месец (n=512).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 30.09.2023, пријавени се вкупно 349.346 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.020,2/100.000) и 9.947 смртни случаи (Mt= 541,6/100.000; CFR=2,8%).

Бројот на аплицирани дози на КОВИД-19 вакцина во текот на месец септември изнесува вкупно 23, од тоа 12 се прва, 3 како втора и трета доза и 5 како четврта.
Заклучно со 30.09.2023 година, вакцинирани се вкупно 876.167 лица со барем една доза на вакцина против КОВИД-19 во државата и странство. Комплетно вакцинирани (со две дози) се вкупно 857.230 лица.

***Табела 1: Вакцинација против КОВИД-19 во РСМ***

| Доза вакцина КОВИД-19 | % вакцинирани над 18 години | % вакцинирани вкупно население |
|---|---|---|
| 1 доза | 59,7 | 47,7 |
| 2 доза | 58,4 | 46,7 |
| 3 доза | 11,1 | 8,9 |
| 4 доза | 0,6 | 0,5 |

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец септември, до Институтот за јавно здравје пристигнати се две пријави за ***епидемии на заразна болест* со *Дг: Intoxicatio alimentaris***.

Првата епидемија е пријавена од страна на ЦЈЗ Битола на 21.09.2023 година, кај деца кои одат на училиште во село во Ресенско, а при заедничка екскурзија, јаделе во ресторан во Претор. Во епидемијата се регистрирани вкупно 6 заболени ученици, на возраст од 8-14 години.

ЦЈЗ Битола во соработка со АХВ и ДСЗИ направи епидемиолошко истражување. Направен е хигиено епидемиолошки увид во објектот, земени се брисеви од вработените и од работните површини и помагала. Од добиените резултати детектирани се Enterobacteriacae од садови за подготвување на храна и присуство на коагулаза позитивни стафилококи и Enterobacteriacae од брисеви од раце на персонал.

Објектот е времено затворен од страна на ДСЗИ. Наложена е комплетна ДДД од страна на овластена институција.

Предложени се дополнителни мерки за редовна посета на курсеви за хигиенско оддржување, носење на соодветна и правилна лична заштитна опрема, замена на искористен прибор, сервирање на храна во што пократок можен рок по подготвување и вонредни санитарни прегледи по потреба.

Втората епидемија е семејна епидемија, пријавена од страна на ЦЈЗ Струмица на 26.09.2023 година, кај лица кои биле на помен во Струмица. Во епидемијата се регистрирани вкупно 5 заболени лица.

ЦЈЗ Струмица во соработка со АХВ и ДСЗИ направи епидемиолошко истражување.

До затворањето на овој извештај, епидемиите се́ уште не се одјавени.

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец септември пријавен е еден смртен случај од акутно заразно заболување (не сметајќи ги COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ).

Се работи за случај на хеморагична треска со бубрежен синдром. Регистрираниот случај е машко лице на возраст од 74 години од Скопје. Првите симптоми се појавиле на 14.09.2023, а пациентот по преглед на КИБФС бил препратен и хоспитализиран во УК Пулмологија со алергологија со РТГ наод на плеврална ефузија од 18-19.09.2023 година кога пациентот завршил со смртен исход.

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на септември, 2023 година во ИЈЗ се пристигнати 949 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на 10-те ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=769; 81,0%) и ЦЈЗ Куманово (n=83; 8,7%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец септември се: *MRSA (n=266; 28,0%), Salmonella enteritidis (n=103; 10,9%)* и *HPV (n=82; 8,6%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, покрај *MRSA*, листа на резистенција е добиена за: *Acinetobacter baumannii, Enterobacter aerogenes, Enterobacter aerogenes ESBL, Escherichia coli ESBL, Klebsiella oxytoca ESBL, Klebsiella pneumoniae ESBL, Pseudomonas aeruginosa, Salmonella enteritidis,* Staphylococcus haemolyticus коагулаза негативен.

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово и ЦЈЗ Кочани.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец септември, ***пристигнати се 5 пријави*** за заразни заболувања кај странски државјани кои престојувале во Република Северна Македонија.

Регистрирани се 2 случаи на ентероколитиси (рота вирус) од САД и Швајцарија. Останатите три случаи, пријавени како бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, се државјани од Црна Гора од кои е добиен податок дека јаделе во ист ресторан.

Во текот на 2023 година, регистрирани се 30 пријави за акутни заразни заболувања, 17 пријави на ентероколитис, 5 пријави за АТИ, 4 пријави за салмонелози, 2 пријави за хепатитис Б и по една пријава на скарлатина и гонореја.

Според земјата од која доаѓаат, 10 лица се од Косово, 5 лица се од Германија, 4 од Швајцарија, 3 од Црна Гора и по едно лице од Албанија, Норвешка, Италија, Украина, Турција, Австрија, САД и Кина.

***Кузмановска Г., Караџовски Ж., Ставридис К.,***
***Кочински Д., Ќирковиќ Колевска К.,***
***Трајковска И., Положани Е.,***
***Цветановска Ж., Столеска Илиоска Р., Исмани М.,***
***Чибишева Д., Биљали Е., Фејзула А.***